09-336/8
26-07-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8- та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот заведен под број 09-5497/1 од 28.11.2023 година, против службеното лице -------, член на Училишниот одбор во -------- и директор на ООУ -----------, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што против службеното лице е спроведена постапка за порамнување за сторен прекршок по член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од истиот закон и сторителот во рок од 8 дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог платил половина од изречената глоба.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет бр.09-5497/1 од 28.11.2023 во врска со прекршување на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето -----------.

Во пријавата е наведено дека ------- е именуван од страна на Советот на -------- за член на Училишниот одбор на --------, но дека во меѓувреме е назначен и за директор на ООУ -------------.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК поднесе Барање за доставување на податоци и информации со бр.09-336/1 од 23.01.2024 година до ------ во врска со тоа дали лицето ---------- е именувано од страна на Советот ----------- за член на Училишниот одбор ---- и доколку е именувано/разрешено да се достави актот за негово именување или разрешување.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

СУГС -------- достави до ДКСК допис - Достава на податоци со бр. 09-336/2 од 15.02.2024 година каде што информираат дека лицето ------- е именувано за член на Училишниот одбор во ----- од страна на Советот на -------- со Одлука за именување претставници на ----- во Училишниот одбор во ----- бр. 27-518/15 од 20.01.2022 година. Исто така, во писмениот допис е наведено дека по добиеното Барање со бр. 09-336/1 од 23.01.2024 година и издаденото Мислење од страна на ДКСК со бр. 09-429/1 од 29.01.2024 година во врска со тоа дека лицето не може да извршува две функции истовремено, ------ на 05.02.2024 година поднел Изјава со бр.03-65/1 од 05.02.2024 година до ------- со која бара да биде разрешен од функцијата член на Училишниот одбор на -------. Училишниот одбор на ------- ја прифатил поднесената Изјава од лицето -------- и донел Одлука за престанок на мандатот како член на Училишниот одбор на --------------.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија утврди дека се потврдуваат наводите од пријавата, односно дека службеното лице -------- бил именуван за вршење на функцијата член на Училишниот одбор во --------- од Советот на -------- на 20.01.2022 година, но во исто време сметано од 14.07.2022 година ја вршел и функцијата на одговорно лице - директор на ООУ ---------, што значи дека во периодот од 20.01.2022 година до престанокот на функцијата член на училишниот одбор во СУГС ----- од која побарал да биде разрешен на ден 05.02.2024 година, истиот во исто време извршувал две меѓусебно неспојливи функции, што е спротивно на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со што сторил прекршок, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

Поради тоа ДКСК спроведе постапка за порамнување против лицето ----- и до истиот достави Прекршочен платен налог со бр.09-336/6 од 26.04.2024 година и Записник за констатиран прекршок со бр. 09-336/5 од 26.04.2024 година. -------- уплати половина од изречената глоба во рок од осум дена од денот приемот на прекршочниот платен налог.

Од наведените причини, ДКСК нема елементи за понатамошно надлежно постапување поради тоа што лицето ја надмина состојбата на неспојливост на функции и изврши уплата на законски предвидената глоба за прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: М.М.- соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: С.С.М. - член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk